# ПРОФ. Д-Р ТРАЈКО СЛАВЕСКИ

Роден е во Охрид во 1960 година. Таму го завршил основното и средното образование. Трајко Славески е професор на Економскиот факултет при универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што ги предава предметите Макроекономија и Државна регулација. Посетувал редовни студии на Економскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а на пост-дипломски студии бил на Калифорнискиот државен Универзитет во Чико, САД (1986/87) и на Универзитетот Харвард (1989/90). Дипломирал на Економскиот факултет во Скопје во 1983 година, како најдобар студент во генерацијата со просечна оценка од 9,70, за период од три години и десет месеци. Магистрирал и докторирал на истиот факултет во 1988 и 1997 година респективно.

Полиња на професионален интерес: микроекономија и макроекономија; политичка економија на транзицијата и приватизацијата; бизнисот и владата (државата); економските и социјалните функции на државата; економика на работната сила; економика на корупцијата и организираниот криминал.

Проф. Славески бил визитинг професор на Државниот Универзитет во Аризона во 1997 година. Почнувајќи од 1999 година предава политичка економија на транзицијата на последипломскиот студиум South Easteren European Studies на Националниот и каподистриски Универзитет во Атина, Грција, на англиски јазик.

Проф. Славески е автор или ко-автор на пет книги и бројни статии, објавени во земјата и странство, во научни и стручни списанија, од областа на приватизацијата, економското преструктуирање, економскиот растеж и развој, економските и социјалните функции на државата и др. Учествувал на голем број меѓународни конференции посветени на транзицијата и развојни прашања. Бил раководител на неколку владини проекти од кои произлегле официјални владини документи, како, на пример: Среднорочната стратегија за развој и реформи "Македонија 2003", (2000 година) и Националната стратегија за намалување на сиромаштијата (2002 година). Проф. Славески е член на неколку меѓународни истражувачки мрежи. Претседател е на извршниот одбор на невладината организација АМЕ (Асоцијација за модерна економија) со седиште во Скопје и Тетово.

Во текот на 1999/2000 година бил Министер за развој во владата на Република Македонија. Во периодот ноември 2000 - септември 2002 година бил советник на Министерот за финансии и национален координатор за подготовка на Националната стратегија за намалување на сиромаштијата. Од мај 2003 година е член на Извршниот Комитет на ВМРО-ДПМНЕ, а од мај 2005 година потпретседател на ВМРО-ДПМНЕ. На локалните избори 2005 година беше ноцител на советничката листа на Здружената коалиција „За подобра Македонија“, предводена од ВМРО-ДПМНЕ. По изборите, стана член на Советот на град Скопје и ја вршеше функцијата на координатор на советничката група на коалицијата „За подобра Македонија“. За парламентарните избори 2006 годин беше носител на листата на Здружената коалиција „За подобра Македонија“ во втората изборна единица. Од 26 јули 2006 година е пратеник во Собранието на Република Македонија.

Трајко Славески е оженет и е татко на две деца (20 и 17 години). Одлично го зборува англискиот јазик и се служи со јазиците на неколку соседни земји.